

Број 8
јули-септември 2006

# БИЛТЕН за меѓурелигиска соработка

Buletin për bashkëpunim ndërreligjioz • Bilteno baš-o maškar konfesionalnikano jekhetano butikeripe • Dinlerası işbirliği bəlteni
Билтен за међурелигиску сарадњу • Simirida ti colaboratsii anamisa tuti religii
Bilten za međureligisku saradnju • Bulletin for inter-religious cooperation

„За ништо не грижете се, туку во сè преку молитва и молба со благодарност изјавувајте ги пред Бога своите барања и мирот Божји, што надвишува секој ум, ќе ги запази вашите срца и вашите мисли во Исуса Христа"

(Фил.4,6-7)

## ЗНАЧЕЊЕТО НА МОЛИТВАТА И ПОСТОТ ВО ХРИСТИЈАНСТВОТО, ВО ИСЛАМОТ И ВО ЈУДАИЗМОТ

**Молитвата прави чуда, но таа е и проверка на совеста, срцето и волјата и без неа нема вера. Ако сакате да ја проверите духовноста кај некого, тоа ќе го видите од неговата молитва.
Постот, пак, воздржувањето од храна за извесно време, го наоѓаме секаде во сите религии во разни облици, и тоа како израз на каење и тага како средство за прочистување и доаѓање до повисоко духовно сознание.**

### Молитвата и постот во православието

Молитвата е разговор на човечката душа со Бога. Вистински се моли само оној човек што верува во Бога и во Неговата безгранична добрина. Со молитва можеме да измолиме сè. Молитвата го прави и неможното - можно, тешкото – лесно, непријатното – пријатно.

Свети апостол Павле вели: „Молете се постојано" (1 Сол. 5,17), а Господ Исус Христос ни заповеда: „Бидете будни и молете се за да не паднете во искушение". Молитвата е најсилно средство, преку кое можеме да измолиме милост од Бога. Таа е голема сила; ништо не може да ја задржи. Таа се извишува до небесата, се издигнува до самиот престол на Седржителот, а се симнува дури до пеколот и оттаму ги ослободува затворените.

За да биде молитвата силна и вистинска, треба да се подготвуваме со набожни мисли и чувства и да се молиме со непоколеблива вера и надеж дека ќе го добиеме она што го бараме. И постот, исто така, е многу важно средство за засилување на молитвата, зашто оној што пости, полесно се моли. Молитвата и постот, според зборовите на светите отци, се крилја, преку кои нашите души се издигнуваат од земјата кон небото – кон Бога.

Постот, воздржувањето од храна за извесно време, го наоѓаме секаде во сите религии во разни облици, и тоа како израз на каење и тага како средство за прочистување и доаѓање до повисоко духовно сознание. Постот е присутен и во Стариот и во Новиот завет.

Во Православната црква постите се ставени во врска со празниците. Со постењето учествуваме во страдањата на Господ Исус Христос, се подготвуваме за извесни празници, во постот во душата чувствуваме смиреност и жалост, преку кои сепак се доаѓа до духовна радост, а со телото се одрекуваме од храна.

Црквата го смета постот како многу важна и значајна установа, за духовниот и телесниот живот и здравје. Телесниот пост не е потполн и не е од корист ако не е врзан со духовниот пост под којшто подразбираме воздржување од гревови и правење добри дела. Св. Јован Златоуст за духовниот пост вели: „Не ми зборувај: Толку дена постам, не сум јадел ова или она, не сум пиел вино; туку кажи ми дали од разгневен стана тивок, од жесток стана добронаклонет. Ако си ти исполнет со злоба, тогаш зошто си го мачел телото? Ако во тебе има завист и љубов кон стекнување, дали е од корист тоа што си пиел вода?"

Телесниот пост е воздржување од јадење и алкохолни пијалаци, освен вино. Има повеќе начини на постење: 1) потполно воздржување од храна и вино; 2) јадење леб и пиење вода еднаш дневно по три часот попладне; 3) јадење риба и пиење вино. Постите се општи и важат за сите христијани во четирите годишни времиња: Воскресен-пролетен, Апостолски-летен, Богородичен-есенски и Божиќен-зимски; Седмични: среда и петок, Крстовден, Отсекување на главата на Св. Јован и Водокрст пред Богојавление. Првите четири се повеќедневни, а останатите се еднодневни.

Постојат повеќе особености во однос на храната, што и кога, и во кој пост може да се јаде. Во време на пост не се јаде месо, млеко и млечни производи за времетраење на целиот пост. Под строг пост се подразбира покрај горенаведеното и тоа дека не се јаде ни масло. Објаснувањето на Црквата во однос на јадењето риба е затоа што по првиот гревопад проклетството Божјо било фрлено на земјата, а не и на водата и нејзините жители. За одредени верници кои од здравствени причини не се во можност да го издржат постот, истите се разрешуваат, односно им се дозволува да конзумираат млеко и млечни производи, но никако месо.

**отец Дејан Димитријевски**

страна 2 Тема на Билтенот
страна 3 Меѓуверски летни кампови
страна 4 Посета на верски објекти и служби
страна 5 Посета на верски објекти и служби
страна 6 Промоција на публикации
страна 7 Меѓурелигиски активности
страна 8 ИНФО

# Постот во Исламот

„Вие кои верувавте, постот (саум) ви стана обврска како што беше обврска и на тие кои беа пред вас, така што станете побожни" (Ел-Бекаре, 183).
Постот е еден од петте столбови над коишто е изграден исламот. Тој е едукативно-морална институција, која се стреми за физичката и духовната едукација на човекот.
Зборот пост (Ес-сеум), според исламскиот концепт значи: воздржаност, оддалечување, откажување од јадење, пиење и интимни односи од првото изгрејсонце до зајдисонцето.
Сепак, постот според исламот и неговото практикување значи многу повеќе од откажување да се консумира храна.
Постот во исламот над сѐ обожува сѐ што се прави заради Севишниот Алах кој ги отвора патеките на духовниот живот.

**Историјатот на постот**
Феноменот на постот е многу ран. Наедно, древноста на постот зборува за значењето, како и за фактот дека во душата на човекот секогаш е чувството за обожување на Семоќниот Алах во различни облици.
Во историските студии постот го среќаваме како многу стара институција. И кај приврзаниците на прогласените поранешни вери постот е познат и се практикувал. Се знае дека Муса а.с. постел 40 дена пред да го прифати Теурат. Едно такво нешто го потврдува и Коранот. Исто така постел и Иса а.с., Давуд а.с. како и могу други посланици.
Со постот во исламот извршуваме една обврска кон Господ и одговараме на Неговата наредба. Наедно, ова е и сржта на самото постење. Со постот ние изразуваме убедување, побожност и искреност. Постот станал обврзувачки во втората година според хиџри, односно во 624 година.
Првите верници постот го прифатија и го практикуваа со голема посветеност, како обврска на Господа кон суштествата, одговарајќи на ајетот од Коранот:
„Вие кои верувавте, постот (саум) ви стана обврска како што беше обврска и на тие кои беа пред вас, така што станете побожни" (Ел-Бекаре, 183).
Според коранскиот ајет, постот е целосно доброта. Ја храни душата и го лечи телото и ја потврдува искреноста на срцето, ги спојува срцата на верниците и влева чувство на милост и љубов.
Дека оваа цел го има постот, едно такво значење го потврдуваат и зборовите на Пејгамберот а.с., каде вели:
„Има такви кои од нивното постење немаат ништо друго освен глад и жед", алудирајќи на тие кои ја изгубиле вредноста на вистинското постење, бидејќи не ги исполниле моралните вредности на постењето.
Постењето на Рамазан се разликува од постењето на другите вери како според нормата, времето така и според начинот на практикувањето.

**Хуманата страна на постот**
Постот освен што има верски и морален карактер, има и хуман карактер. Верникот во овој месец се солидаризира повеќе од кога било. Тој е поблиску до сиромашните, бидејќи цел ден стомакот му е празен и е обврзан во овој месец да даде милост како и Садекатул Фитр на сиромашните.

**На Рамазам триумфираат верниците**
Месецот на Рамазан е месец на значајни настани што ги познава исламската историја. На 27 рамазан во 610 година, кога Мухамед а.с. ги наполнил четириесеттите, се симнуваат првите ајети на Коранот.
Значи, Алах џ.ш. го почести овој месец и го карактеризира со две работи: обврската на постот и симнувањето на Коранот. Постот е подготвување на душата за читање на Коранот и негово проучување. Мухамед а.с. му даваше големо значење на проучувањето на Коранот во овој месец и секоја вечер Џибрил а.с. се симнуваше за да го научи читањето на Коранот. Значи, овој месец е месец на дијес, уртесисе, менцурисе и науката.

**Како го чекаат верниците Рамазан**
Треба да сте свесни дека верските обврски не се сезонски, туку тие се вечни и не прифаќаат редукција. Некои од непознавање велат дека Рамазан ги опростува гревовите, без да направи никаква разлика меѓу гревовите. Надгледувањето на Алах не се однесува само на една работа, да се запоставаат другите, туку ги надгледува сите дела, почнувајќи од намазот, кога муслиманот е во директен контакт со Алах џ.ш., исто така и за време на неговата професија, која ја практикува за време на неговиот живот.
Доаѓањето на Рамазан им го менува животот



скоро на сите мсулимани. Целиот исламски свет и сите муслимани, каде и да се, го чекаат овој свет месец на Рамазан. Сѐ кај нив се менува. Јадењето, пиењето итн. Сите јадат суфур скоро во исто време и го чекаат ифтар во исто време. Како да се хранат на една софра. Во рамките на подготовките за месецот на Рамазан, Исламската верска заедница прави една низа подготовки со што на верниците ќе им ги исполни нивните желби. Се организираат разни трибини, семинари, се чита Коранот, предавачите одржуваат предавања и се посетуваат џамии низ сите муфтиства на Исламската верска заедница во РМ.
Завршната цел на постот е благосостојбата на човекот и неговата радост во двата света. Постот е чист, тој го чисти телото, исто така и душата, како и поединецот кој е прва клетка на општеството. Постот е институција којашто ја воздигнува свеста, ја зголемува волјата, надежта, ја намалува депресијата и му дава надеж на човекот за подобар живот во иднина.
На крајот, да ја искористам можноста на сите верници, каде и да се, да им го честитаме Рамазан, молејќи го Севишниот Алах за нашите молби, нашите ибадети во текот на овој месец, како и да ги исполни нашите желби.

**м-р Абдилџемил Несими**

# Молитвата и постот во јудаизмот

ТЕФИЛА - תפילה Молитвата всушност претставува замена за жртвата којашто се принесувала во времето додека постоел Храмот. Рабините заклучиле дека дури и нашите прататкoвци Аврам, Исак и Јаков ги исполнувале трите дневни молитви и дека тие потсетуваат на нив. Утринската молитва (Шахарит) ја востановил Аврам, попладневната молитва (Минха) ја востановил Исак, додека вечерната молитва (Арвит) ја востановил Јаков.
Секојдневната молитва е голема мицва (добро дело) и се смета за заповед од Тора (Петтокнижие Мојсеево). Жените, како и мажите, се обврзани да ја спроведуваат молитвата. Жените обично се молат еднаш на ден, додека мажите се задолжени да ги спроведат трите дневни молитви.
Со молитвата искрено и вистински го бараме од Бога она материјалното и духовното што ни недостига, а со тоа наедно се воздигнуваме духовно.
На следното духовно скалило, кое се постигнува со искрена и вистинска молитва, го спознаваме Створителот на сето она што живее, со молитвата му се приближуваме на Бога. Молитвата ја овозможува средбата со Бога, а таа средба има голема сила за човековата душа која треба да се опсипе и да просјаје со светлоста на верата. Молитвата е израз на душата, оној човеков духовен дел кој е земен од Божјата бескрајност, а јазикот на душата е песна, како што кажува и самиот крал Давид.
Оној којшто се моли, треба срцето да го посочи кон небото. За времето на молитвата треба да мислиме на она што го кажуваме и како се молиме и да се концентрираме на зборовите што ги кажуваме. Во Халаха (Еврејскиот законик) стои напишано дека: Молитвата без сосредотеченост на човекот не е молитва. Ако си се молел несосредотечен, тогаш моли се повторно !
Кога се молиме во Галут (Дијаспора) тогаш се вртиме со лицето кон Израел, кај нас тоа е спрема исток. Вртењето и молењето, кои се во насока кон Ерусалим, се сведоци на длабоката врска помеѓу еврејскиот народ и Светиот град, единствен во својата светост за еврејскиот народ.
Пост: Храната (јадењето) е подарок со кој Господ нѐ дарува, па затоа еврејскиот закон кажува и наедно нѐ учи дека при секое земање храна и при секое конзумирање течност, треба да кажуваме благослов, за да му се заблагодариме на Семоќниот Господ. Обичај на испосништво се нема воведено во еврејството. Исто така не смее да се пости и во корист на достигнување мистични екстази.
Па дури и кај најголемите постови, како Јом Кипур и Тиша Бе Ав, малите деца, бремените жени, болните и старите луѓе, на кои од која било причина би можело да им штети постот, се ослободени од обврската да постат. Многу од постовите се одредени како спомен на некој трагичен настан на еврејскиот народ.
Ќе ги наброиме најзначајните постови:
Историски најстаро збиднување коешто го бележиме како пост е **10. Тевет** или попознато како Асар Бе Тевет. Тоа е денот кога започнало разрушувањето на Светиот храм во Ерусалим, за време на тригодишната опсада над Ерусалим од вавилонското ропство.
Потоа, Шива Асар Бе Тамуз (17. Тамуз). Според преданието, на тој ден нашиот учител Моше Рабену ги има скршено двете плочи со Десетте божји заповеди. На тој ден царот Антиох Епифан го осквернавил светилиштето во Ерусалимскиот храм. И овој пост започнува од зорите на денот, па сѐ до заоѓање на сонцето.
**Тиша Бе Ав (09. Ав)** се пости од залезот на сонцето, па сѐ до идниот ден (во еврејството денот се брои од вечер до вечер). За овој ден постот е потполн, што значи дека овдека се исполнуваат петте забрани за постот: не се јаде, не се пие, не се мие, не се носат (облекуваат) никакви кожни производи/работи и забранети се какви било интимни односи. Освен овие пет забрани, забрането е и учењето на Тора (Петтокнижие Мојсеево), бидејќи учењето на Тора, човекот го прави среќен.
**Јом Кипур** е всушност десеттиот ден од еврејската нова година Рош Хашана, која е на 01. Тишри. Јом Кипур всушност се одбележува како еден од најголемите верски празници, бидејќи има големо значење за еврејскиот народ, и како што кажуваат многу рабини, тоа е денот на страшниот суд, денот кога се запечатува иднината и судбината на секој човек. Јом Кипур е целодневен пост (24 часа) и ги има комплетните забрани.

**Ави М. Козма Хазан**

# МЕЃУВЕРСКАТА И МЕЃУНАЦИОНАЛНАТА СОРАБОТКА ОСНОВА ЗА ПОДОБАР ЖИВОТ

**Од 13 до 17 јули, годинава, во х. Бисер, Калишта, се одржа вториот меѓуверски летен камп при програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија, каде учествуваа студенти и професори од Богословскиот факултет и од Факултетот за исламски науки, како и верници од Католичката и од Евангелско-методистичката црква од Македонија.**

Кога пристигнав во хотелот, учесниците веќе се подготвуваа за утринското предавање. Некои го пиеја утринското кафе и се шегуваа, а некои шетаа крај брегот на Охридското Езеро. Човек не можеше да забележи некоја разлика меѓу нив. Темата за првото денешно прадавање ги заинтригира сите, иако беше позната - Ерусалим, колевка  на христијанството, на исламот и на јудаизмот. Од предавањето можеше да се слушне дека сите вери повикуваат на дијалог и сите луѓе треба да се сакаат меѓу себе. Другото зависи од тоа како луѓето ги толкуваат нештата и дали се изворни.

„Меѓуверскиот летен камп беше организиран пред две години и поради успешноста на проектот повторно се најде време и потреба да се организира, во Струга, каде што може да дојде до израз меѓуверскиот дијалог. На летниот камп се присутни студенти од двата теолошки



факултети, Православниот богословски факултет и Факултетот за исламски науки, како и верници од Евангелско-методистичката и од Католичката црква. Студентите на почетокот на кампот беа запознаени со целта на програмата и активностите коишто ќе се одвиваат во текот на кампот. Секој ден за време на кампот учесниците слушаат предавања на темата 'Меѓурелигиска соработка помеѓу младите во Македонија', од професори на двата теолошки факултети, а едно предавање одржа и пасторот на Евангелско-методистичката црква. Учесниците во кампот имаа можност да дебатираат на оваа тема, да поставуваат прашања и да го кажат своето мислење. Но, програмата е доста флексибилна, па студентите се дружат заедно и надвор од зацртаните активности: ловат риби, одат на плажа, навечер пеат песни, а исто така заеднички посетија христијански и муслимански верски објекти, запознавајќи се со нивниот историјатот, стил и градба и верските служби коишто се извршуваат во нив", ни кажа Анета Јовковска, одговорна за спроведување на проектот.

Еден од учесниците на летниот камп беше и Антонио Поповски, апсолвент на Богословскиот факултет. „Ова не ми е првпат да бидам во средина каде има и претставници од другите верски заедници. Имав можност да отидам во Сараево во посета на исламски објекти, каде се друживме заедно со припадниците на другите верски заедници и не доаѓаше до израз таа разлика. Бидејќи на факултет имавме предмет Историја на религиите, отприлика ми се познати сите религии. Предавањата на професорите од Исламскиот и од Богословскиот факултет и од другите верски заедници, ми служат за лична едукација и спознавање кога треба да се сподели личното искуство за да се пренесе



на другите каков е верскиот живот на другите заедници."

Јелиз Даут е апсолвент на Факултетот за исламски науки. Таа е првпат на летниот камп и многу е задоволна од програмата, и тоа што на едно место, неколку дена, има можност да се дружи со припадници на другите верски заедници. „Би сакала да кажам дека надвор од програмата се чувствуваме послободно, кога преку прашања дознававме за ритуалите, обичаите на другите религии. Мислам дека ова наше позитивно искуство може да се сподели и во други средини."

*„Се наоѓаме во прекрасен амбиент, каде претставници од верските заедници, кои учествуваат во Програмата за меѓуверска соработка, се собравме за да продискутираме со цел дијалогот, односно разговорите што ги правиме да бидат мост за подобро разбирање и меѓусебно соработување и гледање кон посветло и поубаво утре. Ценам дека доколку повеќе се запознаваме и ги знаеме вистините на едната или на другата религија, ќе можеме подобро да се разбираме. Иако живееме во едно мултиетничко и мултинационално општество, треба да се ослободиме од нашите предрасуди и тоа да ни овозможи нашите мисли да бидат свежи. На тој начин сметам дека ние ќе живееме во едно помирно или подобро општество каде што и другиот што не ѝ припаѓа на нашата заедница ќе го уважуваме и ќе го толерираме како рамноправен", порача Петко Златевски, доцент на Богословскиот факултет.*

Во Програмата за меѓуверска соработка во Македонија, освен летниот камп, преку целата година се одржуваат предавања на двата теолошки факултети, Богословскиот и Исламскиот, каде префосорите и студентите од едниот факултет одат на другиот и ги посетуваат верските објекти на сите пет заедници опфатени во програмата. Учесниците на кампот имаа можност да ја посетат Шарената џамија во Тетово и Бигорскиот манастир „Св. Јован Крстител". Исто така, ја посетија и годинешнава традиционална Галичка свадба.

„Многу ми е мило што учествувам на меѓуверскиот летен камп. Сметам дека меѓурелигискиот дијалогот е битен на овие простори, каде соживотот е многу битна работа. Не ми првпат да дојдам во контакт со претставници од другите верски заедници. Секогаш сме имале убави искуства и човек може да научи нешто ново. И покрај предавањата до доцна навечер, останувавме да поразговараме од најдлабоките тајни на религиите до најобични работи од секојдневниот живот, како, на пример, носиите на свештениците итн. Се раѓа еден мошне плоден дијалог и така ова е еден пример за една меѓурелигиска соработка и се создава почва за понатамошна соработка. Кој и да дојде со какви било предрасуди, ќе замине оттука со поинакво мислење", ги изнесе неговите импресии од кампот Иван Микулец од Католичката црква.

*„Мислам дека овој летен камп е многу корисен од фактот дека тука учесниците се припадници скоро од сите верски заедници и има можност студентите да се запознаат директно меѓу себе и со другите религии. Тука изворно можат да слушнат нешта околу толеранцијата и соживотот од професорите од двата факлултета, како исламот или христијанството повикуваат на толеранција или дијалог. Мислам дека ова многу позитивно ќе влијаее врз сите. Гледам дека студентите поинаку размислуваат позитивно околу нештата пред да слушнат изворно како верата гледа на нештата. Тоа што го гледаме во секојдневието, во праксата не е изворно, тоа е многу далеку од верата. Секој од верниците треба да го почитува тоа што го вели другата вера", ни кажа Насер Рамадани, професор на Факултетот за исламски науки.*

Си заминав од Калишта со мислата дека меѓуверската и меѓунационалната соработка и дијалогот во Македонија се возможни. Сè зависи од нас. Како ќе го прифатиме другиот кој е поразличен од нас и дали треба да ја нагласиме таа разлика, кога на крајот на краиштата сите сме луѓе. Имаме еден бог. И сите религии во основа се исти. Дали е тоа Библијата, Коранот или Талмудот, сите повикуваат на мир и толеранција. Овие млади луѓе ќе имаат што да им раскажуваат на своите најблиски, на своите пријатели. Доколку се ослободиме од нашите предрасуди, заеднички ќе можеме да живееме и да се сакаме сите меѓу себе.

**Грамоз Шабани**

# Детски црковен камп во Охрид

**Во организација на ЕМЦ, од 12. до 20. јули 2006 во хотелот „Орце Николов" во Охрид, по седмипат се одржа летен камп за деца со посебни потреби.**

Беа присутни 75 деца од целата држава. За нив се грижеа 4 учителки и 1 учител. Тие деца се со пречки во развојот и доаѓаат од четирите специјални училишта во Македонија : двете училишта се во Скопје, едно во Велес и едно во Ново Село-Струмица. А, пак, за библиско-музичкиот дел се грижеа 6 девојки од младинската група на ЕМЦ во Струмица. Сите овие деца, од кои големиот дел се со пречки во развојот, доаѓаат од сиромашни семејства, семејства кои живеат од социјална помош, деца чии родители се разведени и сл. За нив летниот камп е едно прекрасно искуство. Многу од нив никогаш не виделе езеро или брод и затоа беа пресреќни и често нивната радост не можеше да се опише, таа можеше само да се доживее. Нивната секојдневна програма течеше на следниов начин: по појадокот се одеше на плажа, потоа од 12:00 до 13:30 часот се одржуваше библиски детски час, каде што се раскажуваа настани од Библијата, се црташе или имаа рачна работа. По ручекот повторно се одеше на плажа и по вечерата се пееја детски песни од црковната детска песнарка и децата се забавуваа.

Детските кампови служат и за социјализација на децата кои доаѓаат од разни средини и краишта на Македонија. На секој камп има и група деца со Даунов синдром.

Секое лето најинтересното искуство за децата е возењето со брод низ езерото и одењето до Свети Наум, манастир изграден од учениците на Кирил и Методиј, словенските апостоли.

**Милица Попризова**

# Младински црковен камп

**Годинава, од 02. до 11. август, во организација на ЕМЦ, во Македонија се одржа младински камп во месноста Јастребино, Р. Бугарија.**

На истиот зедоа учество млади од различни етникуми (Македонци, Бугари, Роми) и со различна религиозна исповед (христијани и муслимани). Предавачи беа: пастор Михаил Цеков, Мирче Танчев и д-р Иван Г. Тулевски. Главната тема на кампот беше: „Христовото учење – благослов". Се зборуваше за големото значење на екуменизмот на балканските простори, за улогата на сакраментите, за улогата на црквата денес, за релациите меѓу различните религии и за меѓурелигиските контакти.

Во вечерните часови д-р Тулевски зборуваше за проблемите со коишто денес се соочува младиот човек. Во рамките на програмата беа организирани работни групи на коишто младите можеа да дискутираат и да го искажат своето мислење. Беше организирана и играта „Мојот таен пријател", со цел младите подобро да се запознаат и повеќе да се дружат. Беше одржана и заедничка богослужба во ЕМЦ во Варна каде што младите зедоа учество во музичкиот дел од програмата. На богослужбата се делеше и Господова вечера - причест.

И ова дружење на младите покажа дека средбите од ваков вид се неопходни и придонесуваат за подобро меѓусебно запознавање и зближување, а и стекнување нови пријателства и искуства.

**Милица Попризова**

# ПОСЕТА НА ВЕРСКИ ОБЈЕКТИ И СЛУЖБИ

**Дополнителна активност при меѓуверскиот летен камп беа и посетите на верски објекти и служби, така што имавме можност да ги посетиме манастирите: „Св. Јован Бигорски", „Св. Георгиј Победоносец – Рајчица", „Рождество на Пресвета Богородица", Калишта, Шарената џамија во Тетово, Католичката црква во Охрид, а исто така присуствувавме и на 43-тата традиционална Галичка свадба во Галичник.**

Посетите ни овозможија да се запознаеме со историјатот, стилот и градбата на овие храмови, како и со верските служби коишто се служат во нив, сознавајќи како основната визија на преданието се репродуцира преку симболичната форма на ритуалот и практиката. Дел од нашите впечатоци за коишто сите се согласивме дека се прекрасни и позитивни сакам да ви ги пренесам во следниве реченици со надеж дека барем неколкумина ќе заинтересирам да посакаат да ги посетат овие прекрасни места коишто се дел од културното наследство на Македонија.

## Манастир „Св. Јован Крстител – Бигорски"

Манастирот „Св. Јован Крстител – Бигорски" како да се вгнездил крај бисерните води на



реката Радика, во прекрасното шаренило на бујните шуми, зелени ливади и раштркани села по питомите падини на Бистра. Тука, во манастирот, владее целосна надвременска тивкост во чија позадина е непрекинатиот искон на бисерните води на Радика и бујните млазеви на манастирските чешми. Но ова древно светилиште што го зема здивот на обичниот намерник во вакивот вонвременски декор крие нешто повеќе од убава глетка. За тоа ни раскажуваа гостопримливите монаси од овој манастир – отец Давид и отец Сергеј кои љубезно нè пречекаа.

Во овој манастир дише светогорски монашки дух, кој веќе 10 века ги облагодарува овие простори. Од дамнина манастирот постојано ги привлекувал мирјаните, станувајќи најсакан Божји дом за сите православни Македонци од овој крај, па дури и за иноверците. Овие луѓе навистина ја делеле сопствената судбина со судбината на манастирот, растејќи и живеејќи во неговите преданија и закрила, секогаш подготвени да му помагаат на бигорското монашко семејство.

Најубавиот украс во црквата и она по што е најпознат овој храм е секако прекрасниот и единствен иконостас од ваков вид во православието, кој заедно со иконите формира една целина, еден целосен приказ на Светото писмо во резба. Ова е врвно дело на мијачките копаничари кои по својата вештина на обработка на дрвото останале ненадминати и до ден денес. Нивната стрпливост да длабат во дрвото и на толку мал простор да издлабат толку голем број сцени од Светото писмо, чини човекот да се восхитува. Тоа што го создале резбарите не можеме да го сретнеме ниту на Света Гора, ниту кај епирските резбари, а најмалку кај резбарите од балканските резбарски школи.

Чудотворната икона на Претечата која со смирено достоинство ги пречекува сите поклоници во Бигорскиот манастир, зрачејќи на влезот во црквата во сребрен сјаен оклоп и преукрасена со дарови од благодарност поради многубројните чуда, како непресушен извор излева благодат која чудотвори. Затоа монасите кои живееле тука во 19-тиот век на оковот од иконата како сведоштво додале и трета рака со која Крстителот ги прави чудата. Небројни намерници кои пред неа застанале со вера и од срце го помолиле Крстителот, биле услишани, исцелени од болести, утешени. Претечата преку својата икона им доаѓал на помош на сите: стари и млади, болни и здрави, православни и иноверци. Неговата чудотворна и милостива помош ја почувствувал и еден албански бег кого Св. Јован во видение го упатил во својот дом покрај Радика за да му го исцели болното детенце. Бегот од голема благодарност за оздравеното чедо на манастирот му подарил цел имот со маслинови дрвја.

И како што се нижеле чудата, така се множеле даровите пред иконата. Секој дар крие вистинита приказна зад себе. Бројните сребрени медаљони во облик на бебе сведочат дека Св. Јован израдувал многу бездетни родители, дарувајќи им деца.

Уште од самите почетоци манастирот на



Претечата бил единствено огниште за просвета во овие краишта низ тешкото време на минатото. Тука се собирале духовните сили на народот и се оспособувале за вршење

културно-просветна дејност преку којашто ги продолжувале народните традиции, а заедно со тоа ја буделе и одржувале националната свест на народот. Овде се чувал и разнесувал пламенот на знаењето, духовно, но сепак најблиско до срцето - народно.

Малку подалеку од Бигорскиот манастир, следејќи го патот кон Дебар во с. **Рајчица**, ќе наидете на уште едно духовно светилиште во коешто повторно заживеал монашкиот живот под закрила на големиот маченик и победоносец **Св. Георгиј**.

Овој негов прекрасен манастир е возобновен со голем труд и залагање на братството на Св. Јован Крстител-Бигорски заедно со нивниот игумен, архимандритот Партениј.

Манстирот во минатото функционирал како економски дел во склоп на Бигорскиот манастир. Овој манастир бил мошне богат, поседувал големи манастирски имоти, ниви и лозја. Овде се произведувало скоро сè за потребите на Бигорскиот манастир. Иако неколку пати напаѓан и рушен, сепак грижата на игумените на бигорското семејство го обновувала и одржувала овој манастир. Црквата изобилува со богат фрескопис изработен од рацете на монахот Данаил и Дичо Зограф - познати зографи од 19 век. Овој фрескопис е во целост зачуван и претставува значаен дел од богатата ризница на културно-историското наследство на македонскиот народ.

Сестринството во овој манастир, кое брои 8 сестри, живее според типик востановен од игуменот Отец Партениј, по моделот на светогорските манастири. Ваквиот типик, односно ред на живеење, вклучува целосен литургиски живот со секојдневна литургија, утрени и вечерни служби и целоноќни бденија спроти манастирските слави и поголемите празници. Покрај секојдневните послушанија, сестрите овде изработуваат митри за владици, монашки мантии, прават темјан и ја обработуваат манастирската градина.

Вистинско богатство за овој манастир претставува честичката од Чесниот Крст на нашиот Спасител Господ Исус Христос и неодамна донесените мошти на Св. Георгиј Победоносец.

Бидејќи манастирот е од отворен тип, постојано е посетуван од гости, верници и туристи кои во ова светилиште наоѓаат духовна поткрепа и мир.

# Пештерската црква „Рождество на Пресвета Богородица“

Пештерската црква „Рождество на Пресвета Богородица“ е лоцирана западно на брегот на Охридското Езеро во селото Калишта. За оваа мала црквичка посветена на Богородица искористена е природната пештера, која од источната страна е заградена со кршен камен. Зографите го искористиле природниот амбиент и на скромниот простор насликале повеќе композиции и ликови на светци.

Констатирано е дека во олтарниот дел на црквата постојат три слоја на живопис, при



што најгорниот слој е од 13 век, а најдолниот слој е од времето кога е подигнат самиот пештерски храм – 15 век. Оваа пештерска црква е заштитена како културен споменик на Македонија. Во истиот двор со пештерската црква се наоѓаат манастирски конаци и црква изградени во поново време. За манастирот се грижат монахињите сестра Дионисија и сестра Синклитикија, кои љубезно нè пречекаа и нè запознаа со историјатот на манастирот.

# Шарена џамија (Алаџа џамија) во Тетово

Шарената џамија во Тетово, која кај народот се знае и како Пашина џамија, се наоѓа покрај реката Пена во стариот дел на градот, каде се наоѓаат и други објекти на исламската верска и профана архитектура, значајни за естетско-уметничките вредности и за историскиот печат што го држат.

Џамијата е изградена во 1495 година, додека доизградена од темел и проширена е во 1833



година од страна на Абдурахман паша, синот на Реџеп паша, кои се штитеници на Тетово, кои биле и големи љубители на уметноста. Сите овие податоци ги дознаваме од зачуваниот натпис над влезот на џамијата, како и од нишанот на гробот, кој се чува во турбето изградено во дворот на џамијата. Овие познати паши дејствувале во Тетово во првата половина на 19 век, кои го изградиле и доизградиле градското кале и теќето Арабати Баба. Во осмоаголното теќе се погребани госпоѓите Хуршиде и Менсуре. Првата умрела во 1534 година. За нив се претпоставува дека биле донатори на поранешната џамија од 15 век. Во близина на џамијата се наоѓа шадрванот, кој имал двојна функција: за да се земе абдест пред намазот и како чешме за потребите на овдешното население.

Шарената џамија од архитектонски аспект претставува еднобродна зграда, четвртаста со димензии 10x10м. На нејзината влезна страна е изграден тремот, околу 5м широк, отворен до трите страни, над кој се наоѓа затворениот дел на махлифот. Џамијата е покриена со стари ќерамиди. На другата нејзина страна се наоѓа класичното минаре изградено со добро делкан камен и тоа е оригинален елемент на првата џамија од крајот на 15 век. Додека денешниот објект, со сите негови карактеристики, е една симбиоза меѓу барок и османски неокласичен стил, кој доаѓа до израз особено во старата градска архитектура.

Во ентериерот и на ѕидовите на екстериерот Шарената џамија има извонреден декор на османско-турскиот барок. Во овој богат сликарски декор се претставени геометриски и растителни мотиви, како и импровизации на згради, каде во целина доаѓа до израз луксот, бујното експонирање особено во внатрешниот дел на џамијата. Михработ и минберот се изградени од квалитетен мермер и исто така во барокен стил.

Шарената џамија, со сите нејзини карактеристики, претставува интересна зграда, опколена со дебели ѕидови од камен и дрвени отвори покриени со ќерамиди, како што е покривот на џамијата. Околните ѕидови, кои се изградени во типичен класичен османски стил, се доизградени со иницијатива на Исламската заедница во 1991 година.

**Амир Амети , апсолвент на Факултетот за исламски науки**

# Посета на Католичката црква „Св. Кирил и Методиј“ во Охрид

Последниот ден од кампот имавме прилика да ја посетиме Католичката црква „Св. Кирил и Методиј" во Охрид.

Таму нè пречека свештеникот проф. Стјепан Кушан, кој ни ја покажа новата и модерна црква. Објектот е изграден во 2000 година на местото на една стара куќа, која дотогаш служеше како црква. Во дворот на црквата се сместени објекти



коишто служат за духовни средби за млади, семејства и свештени лица.

По доаѓањето, влеговме во црквата и по кусото разгледување патер Кушан беше подготвен да одговори на некои наши прашања. Така се разви едноставен разговор, кој го продолживме во жупанското биро со сок и кафе.

**Иван Микулец**

# ПРОМОЦИЈА НА ПУБЛИКАЦИИ

**На 14 септември 2006 година, во хотелот Холидеј ин, МЦМС организираше промоција на публикациите: „Декалог" од проф. д-р Ратомир Грозданоски на македонски и на албански јазик; „Вистинска љубов" од монсињор Антун Церимотиќ; „Основни поими на јудаизмот", превод од Цадик Данон; „Исламот и другите вери", превод од Исмаил Раџи ал-Фаруки и „Историја на Евангелско-методистичката црква".**

Македонскиот центар за меѓународна соработка го поддржа публикувањето на овие публикации, со цел да придонесе во подобрувањето на меѓусебната информираност кај верските заедници во Македонија, како и да се овозможи и запознавање на општата јавност за карактеристиките на верските заедници. Координаторот на програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија, Александар Кржаловски, го водеше настанот, а промотори на публикациите беа професорите д-р Јован Белчовски од Богословскиот факултет и д-р Исмаил Бардхи од Факултетот за исламски науки.




„Декалогот" од проф. д-р Ратомир Грозданоски е прва публикација од таков вид преведена на албански јазик на нашиве простори, рече професорот Бардхи. Тој смета дека оваа публикација, која дава една јасна перспектива за црковната догма, воопшто ќе придонесе муслиманите во Македонија подобро да се запознаат со основите на православната вера, но исто така оваа книга е значајна и по тоа што ги обработува Божјите пораки до човештвото кои се основни морални норми на секоја монотеистичка религија. Во тој контекст, рече професорот Бардхи, јас како муслимански теолог, сакам само да ги наведам тврдењата на познатите исламски теолози Махмуд Шелтут и Али Сабуни, кои за Десетте Божји заповеди велат дека ја претставуваат "суштината на верувањето во чистиот монотеизам", односно дека во врска со нив се согласуваат сите Божествени објави, а врз нив се заснова и среќата на човекот.




Во книгата „Вистинска љубов" од монсињор Антун Церимотиќ кон поимот љубов авторот најпрвин истапува од еден историско-филозофски аспект. Љубовта е крвотокот којшто струи низ целокупната човекова егзистенција. Во сите свои иницијативи и дејствија човекот е повикан да се води од љубовта. Вистинската љубов е љубовта кон Бога, кон луѓето, кон себеси и кон сите Божји созданија. Книгата „Вистинска љубов" не треба само да се прочита, рече проф. Јован Белчовски, туку и да се живее според нејзините начела.




Збирката „Основни поими на јудаизмот" од Цадик Данон е одличен прирачник како за членовите на еврејската заедница, така и за пошироката читателска јавност, која по првпат има можност на македонски јазик да се запознае со основите на јудаизмот, со богатиот духовен живот и со традицијата на Евреите. Во книгата се опишани еврејските верски празници и обичаи, но и сите основни поими со коишто се дефинира јудаизмот и животот на Евреите.




„Исламот и другите вери" од Исмаил Раџи ал-Фаруки е збир на статии и предавања од авторот во коишто тој ја заговара потребата за надминување на апологетскиот или полемички пристап кон проучувањето на компаративните религии и ангажирање во нешто што тој го смета за пообјективно научно проучување. Заради тоа, рече професор Бардхи, поголемиот дел од поранешното научно работење во овој правец го осуди поради тргнувањето од позициите на конфронтирање и конфликт. Наместо тоа, тој ја предлага методологијата за надминување на догматските теологии и враќање кон „мета-религијата ослободена од теологијата", преку втемелувањето на анализите на религиите врз низата очигледни принципи.




Во книгата „Историја на Евангелско-методистичката црква во Македонија" може да се најдат податоци за појавата на протестантизмот воопшто, неговото ширење, особено на балканските простори. Авторот нè запознава со основањето на првата евангелско-методистичка црква во Македонија, нејзината организација, службите, сакраментите, како и со нејзината мисионерска, хуманитарна и едукативна дејност. На крајот публикацијата ги содржи сите важни настани коишто се поврзани со Евангелско-методистичката црква во Македонија.

*МЦМС ќе продолжи и во иднина да поддржува издавање публикации од верските заедници при проектот Компаративни студии, но со поголем акцент на трудовите коишто ќе бидат напишани од студентите апсолвенти на теолошките факултети.*

# Осма Светска конференција на религиите за мир

**Од 26 до 29 август 2006 година во Кјото, Јапонија, се одржа осмата по ред Светска конференција на религиите за мир. Повеќе од петстотини верски лидери од над 100 земји во светот беа собрани во земјата - лидер во унапредувањето на мирот и развојот под мотото „Соочување со насилството и напредок на заедничката безбедност„. На свеченото отворање на конференцијата на учесниците им се обрати премиерот на Јапонија, г. Коизуми, давајќи им целосна поддршка на верските лидери во нивните активности за мир во светот. Како знак на поддршка за придонесувањето за мирот на отворањето беа прочитани и пораките на папата Бенедикт ЦВИ и на генералниот секретар на Обединетите нации, Кофи Анан. Главен модератор на конференцијата беше принцот Ел Хасан бин Талал од Јордан.**

Како светски најголем мултирелигиозен собир на религиски лидери, претставници на влади, агенции за развој и на цивилното општество, Осмиот светски собир ја промов-



ира конструктивната улога на религиозните заедници во разрешување на конфликтите, градење на мирот и поттикнување на развојот. Конфликти, религиозен екстремизам, зголемено присуство на оружје, неможноста да се заштитат и подигнат нашите деца, еколошко загадување – овие се само неколкуте нови форми на „модерното“ насилство. Ниедна група не е имуна на ваквиот вид насилство или на неговите последици, затоа сите мора да придонесат во градењето на заедничката безбедност. Со признавањето на овие форми на насилство и на кој начин тие влијаат на нашето општество се јавува потреба за заедничка потрага по решение за проблемите. Така, преку мултирелигиската соработка, религиозните заедници и лидери посветуваат голем дел од своите напори во зголемување на влијанието на заедничката безбедност. Ниту една друга форма на соработка нема поголем потенцијал да ги подобри условите за живеење во светот од соработката помеѓу религиозните заедници, бидејќи од 6 милијарди луѓе на земјината топка, 5 милијарди се идентификуваат како религиозни. Од најмало село до најголем град овие религиозни заедници претставуваат светска социјална инфраструктура. Полниот капацитет на религиозните заедници да се соочат со предизвиците на нашето време е неискористен извор којшто може да биде употребен преку меѓурелигиската соработка.

Учесниците на Осмиот светски собир на религиите за мир обработуваа области за унапредување на заедничката безбедност преку: трансформација на конфликти; градење на мирот и поттикнување на развојот. Во пленарните сесии и комисиите религиските лидери од блиските регионални и национални интеррелигиски совети ги разменија своите искуства и развија акциски програми за наредните пет години. Собирот исто така беше наменет да поттикне акциски ориентирано глобално партнерство помеѓу религиозните заедници и интервладини организации, владите и цивилното општество.

На Светската конференција од 24 до 25 август 2006 г. и претходеше Светскиот собир на жените вернички во Кјото и Младинскиот светски собир во Хирошима. Тие, собрани од сите страни на светот, заеднички расправаа за начините на коишто тие можат да работат



заедно на трансформација на конфликтите и создавање мирно и здраво општество, а потоа им се приклучија на верските лидери на главната конференција, работеа заеднички во комисиите и дадоа голем придонес во пленарните дискусии, како и во формирањето на Кјотовската декларација за мир произлезена од овој светски собир.

Од Македонија на оваа конференција учествуваше Анета Јовковска како претставник на Македонската православна црква во Светскиот собир на жените вернички.

# Европски ден на еврејската култура

**На 04. септември 2006 година во фоајето на зградата на МОБ за првпат во Македонија се одржа (а се надеваме дека ќе прерасне и во една традиција којашто секоја година ќе се одбележува) Европскиот ден на еврејската култура.**

Европскиот ден на еврејската култура започна со концерт на Хорот на Еврејската заедница во РМ, „Моис Хасон“, кој за таа вечер под диригентсвото на маестро Томислав Шопов изведе само традиционални еврејски композиции (сефардски и ашкенски), а воедно таа вечер можевме да слушнеме и автентична еврејска музика изведена од виолинистот Михајло Куфојанакис.

Посетеноста беше голема, со што се посочи дека нашите соседи и сограѓани знаат и сакаат уште повеќе да се запознаат со своите пријатели евреи кои живеат во Македонија.

Беше особено интересно изложувањето на рачните ракотворби со еврејска тематика, кои се автентични не поради својата рачна изработка, туку и преку дизајнот, пораката што ја праќаат и преку мотивите коишто се отсликуваат на ракотворбите.

Авторите на овие, слободно можеме да речеме, уметнички дела, беа жените членки на женскиот клуб „ИША“ во Еврејската заедница.

За првпат иницијативата и идејата за организирање на Европскиот ден на еврејската култура дојде од страна на Француската еврејска заедница во 1966 година.

Во 1999 година идејата ја прифатија и останатите еврејски заедници во Европа, организирајќи Европски ден на еврејската култура. Па така, низ годините наназад, сѐ до денес, до 2006 година, другите земји во своите еврејски заедници го одбележуваат овој значаен ден, а од оваа година се приклучи и Македонија, каде Еврејската заедница ги отвори вратите на своите домови, синагогата, вратите од своето културно наследство и дел од својот амбиент, со цел да го запознае општеството поблиску до својата традиција и култура.

Од оваа година бројот на земјите коишто го одбележуваат денот на еврејската култура е 29, каде гордо стои и името на Еврејската заедница во Република Македонија.

**Ави М. Козма Хазан**

**ПОИМНИК:**

**Покров на Пресвета Богородица:** – празник востановен во спомен на постојаното покровителство на Пресвета Богородица и помошта што им ја дава таа на сите што  ѝ се молат искрено.

**Рамазански Бајрам:** – по завршувањето на месец Рамазан, муслиманите го прославуваат Рамазан или Фитр Бајрам. Прославувањето на Бајрам датира од емигрирањето на Мухамед а.с. од Мека во Медина. За бајрамските денови муслиманите ги посетуваат своите најблиски.

**Воздвижение на чесниот крст:** – се празнува во чест на пронаоѓањето на крстот на којшто што бил распнат Господ Исус Христос. Чесниот крст го пронашле царицата Елена и нејзиниот син цар Константин во 4 век (строг пост).

**Рош Хашана:** е Еврејска Нова година. Оваа година на 23 септември Евреите ја прославија 5767 година.

**Христос Цар:** – славејќи го овој празник, Црквата нѐ потсетува дека еден ден ќе дојде и крајот на нашиот земен живот.


## Тромесечна информативна публикација Билтен за меѓурелигиска соработка

Издавач: Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС); Македонска православна црква (МПЦ), Исламска заедница во Р. Македонија (ИЗ), Католичка црква (КЦ), Еврејска заедница во Р. Македонија (ЕЗ), Евангелско-методистичка црква (ЕМЦ).

Издавачки совет: Александар Кржаловски (МЦМС), Ѓоко Ѓорѓевски (МПЦ), Метин Изети (ИЗ), Дон Мато Јаковиќ (КЦ), Ави Козма (ЕЗРМ), Милица Попризова (ЕМЦ).
Главен и одговорен уредник: Александар Кржаловски
Автор на текстовите: Анета Јовковска, освен каде што е назначено името на авторот на крајот од текстот.
Лектура: Даниел Медароски
Дизајн: Кома,
тираж: 500 примероци
Печати : Боро графика
Финансирано од Норвешката и Данската црковна помош.

Рег бр. 02-161/2


## Регистрирани верски заедници и религиозни групи во Македонија

1. **Македонска православна црква**
Бул. ”Партизански одреди”, 12, Скопје
2. **Исламска верска заедница**
Ул.”Чаирска” 52, Скопје,
3. **Католичка црква**
Ул. ”Ристо Шишков”31, Скопје,
4. **Еврејска верска заедница во РМ**
Ул. ”Борка Талески”24, Скопје
5. **Евангелско-методистичка црква во РМ**
Ул. „Дебарце” 9, Скопје
6. **Христијанска адвентистичка црква (Црква на адвентистите на Седмиот ден)**
7. **Христијанска адвентистичка црква во РМ**
8. **Баптистичка црква ”Радосна вест” во РМ**
9. **Еховини сведоци - христијанска верска заедница**
10. **Евангелско-конгрешанска црква**
11. **Света столица и круна на Исламска еренлерска тариканска верска заедница во Македонија**
12. **Новоапостолска црквава во македонија**
13. **Сатја Саи центар**
14. **Евангелска црква во РМ**
15. **Ваишнавска верска заедница**
17. **Прахристијанска заедница-”Универзален живот”**
18. **Црква Божја во РМ**
19. **Христијанска религиозна група Нова надеж**
20. **Бекташиска заедница во РМ**
21. **Христијанска црква ”Слово на надеж”**
22. **Христијанска црква Божји глас**
23. **Меѓународна црква на Христос Скопје**
24. **Независна Христова црква**
25. **Христијанска црква ”Блага вест”**
26. **Обединета библиска црква - Библиски центар**

